# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **БР. 10 ГОД.27** |


**Општина Чучер-Сандево, Септември 2024 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **петок** | **Бр. 10** |
| **по потреба** | **30.09.2024 год.** | **Год. 27** |


# 52.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ**

Се објавува Заклучок за престанок на мандат на член на Совет**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **42-**та седница, одржана на **26.09.2024** година.

**Бр.09-1536/1**
**26.09.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 155 од Изборниот законик („Службен весник на РМ” бр.40/06), член 46 став (1) алинеја 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) и член 29 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.6/21), Советот на Општина Чучер-Сандево на **42-та** седница одржана на **26.09.2024** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ**

1.На **Зоран Бајовски** му престанува мандатот член на Советот на Општина Чучер-Сандево поради неспојливост на функција Директор на Дирекција за радијациона сигурност.

2.Мандатот член на Совет му престанува кога ја презел функцијата Директор на Дирекција за радијациона сигурност.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1484/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 53.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за изменување на деловникот на Советот на ОЛпштина Чучер-Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **42-**та седница, одржана на **26.09.2024** година.

**Бр.09-1536/2** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 23 став (1) точка 1 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/2019), член 192 и член 193 од Деловникот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ број 6/2021), а во врска со Одлука на Уставен суд на Република Северна Македонија У.бр.56/2024 од 20.06.2024 година, Советот на Општина Чучер-Сандево на **42- та** седница, одржана на ден **26.09.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**член 1**

Во Деловникот на Советот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.6/2021), се врши измена и дополнување во член 15, на тој начин што се брише алинеја 3 од истиот.

Алинеите 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат алиинеја 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10.

**Член 2**

Во останатиот дел Деловникот на Советот на Општина Чучер-Сандево останува непроменет.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“.

**Бр.08-1484/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 54.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН**
**ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување во Општина Чучер-Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **42-**та седница, одржана на **26.09.2024** година.

**Бр.09-1536/3** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19) и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија” бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **42-та** седница, одржана на **26.09.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава Согласност на Годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево за 2025 година, бр.04-1294/1 од 15.08.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1484/5**
**26.09.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 55.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ШТЕТА ОД ЕЛЕМЕНТРНА НЕПОГОДА-ИЗОЛИРАНИ СЛУЧАИ ОД ГРАД ШТО ЗАФАТИ ДЕЛОВИ ОД ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за усвојување на Извештајот за утврдување на штета од елементарна непогода-изолирани случаи од град што зафати делови од Општина Чучер-Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **42-**та седница, одржана на **26.09.2024** година.

**Бр.09-1536/4** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Р.М" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16) член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М" бр.5/02) член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево на **42-та** седница одржана на **26.09.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ШТЕТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА-ИЗОЛИРАНИ СЛУЧАИ ОД ГРАД ШТО ЗАФАТИ ДЕЛОВИ ОД ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО-МАЈ 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за утврдената штета од елементарна непогода-изолирани случаи од град што зафати делови од Општина Чучер-Сандево-мај 2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влагува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1484/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 56.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 773/1 КО БРОДЕЦ М.В.ВОДИЦИ**

Се објавува Одлука за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправен објект на КП 773/1 КО Бродец м.в. Водици **,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **42**-та седница, одржана на **26.09.2024** година.

**Бр.09-1536/5**
**26.09.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на РСМ" бр.174/21) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **42-та** седница одржана на ден **26.09.2024** година, донесе

## О Д Л У К А

### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 773/1 КО БРОДЕЦ М.В.ВОДИЦИ

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење УП 1 бр.11-503/2018 од 03.09.2018 година, за објект со намена А1-1 семејна куќа кој е изграден на КП 773/1 КО Бродец м.в Водица, Советот на Општина Чучер-Сандево утврди дека може да се прошири планскиот опфат и да се изврши вклопување на бесправните објекти согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево''.

**Бр.08- 1484/7**
**26.09. 2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 57.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 879/1 КО БРОДЕЦ М.В.СЕЛО**

Се објавува Одлука за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на плоанскиот опфат за вклопување на бесправен објект на КП 879/14 КО Бродец м.в.Село**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **42-**та седница, одржана на **26.09.2024** година.

**Бр.09-1536/6**
**26.09.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на РСМ” бр.174/21) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **42 та** седница одржана на ден **26.09.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 879/1 КО БРОДЕЦ М.В.СЕЛО**

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење УП 1 бр.09-1476/2011 од 23.08.2011 година, за објект со намена А4-3 викенд куќа кој е изграден на КП 879/1 КО Бродец м.в Село, Советот на Општина Чучер-Сандево утврди дека може да се прошири планскиот опфат и да се изврши вклопување на бесправните објекти согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’.

**Бр.08- 1484/8**
**26.09. 2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 58.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЛИЦА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈАВНОТ КОМУНАЛНОПРЕТПРИЈАТИЕ „СКОПСКА ЦРНА ГОРА” С.МИРКОВЦИ, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука **за** распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во Управен одбор на Јавното Комунално Претпријатие „Скопска Црна Гора” с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **42-**та седница, одржана на **26.09.2024** година.

**Бр.09-1536/7**
**26.09.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 23 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) а во врска со член 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ” бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ” бр.275/19, 89/22 и 274/22) и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за

пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен односно надзорен одбор на јавните претпријатија „(Службен весник на Република Северна Македонија” бр.283/2022) Советот на Општина Чучер-Сандево на **42-та** седница одржана на **26.09.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**
**за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во Управен одбор на Јавно Комунално Претпријатие „Скопска Црна Гора” с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево**

**Член 1**

Општина Чучер-Сандево распишува Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во Управен одбор на Јавното комунално претпријатие „Скопска Црна Гора”, с.Мирковци.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на Јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од Јавниот повик согласно законските прописи. Јавниот повик е даден во прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

За избор на член во Управен одбор на Јавното Комунално Претпријатие „Скопска црна Гора” с.Мирковци, Советот на Општина Чучер-Сандево формира Комисија за селекција која ќе ја спроведе постапката за селекција.

**Член 4**

Одлуката влегува со денот на донесувањето а ќе се објавуви во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1484/9**
**26.09.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 59.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА за РАСПИШУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЛИЦА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ„СКОПСКА ЦРНА ГОРА" С.МИРКОВЦИ, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлукка за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во Надзорен одбор на Јавното Комунално Претпријатие „Скопска Црна Гора" с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **42-**та седница, одржана на **26.09.2024** година.

**Бр.09-1536/8**
**26.09.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 23 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) а во врска со член 17-а став (2) а во врска со член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22) и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен односно надзорен одбор на јавните претпријатија „(Службен весник на Република Северна Македонија" бр.283/2022) Советот на Општина Чучер-Сандево на **42-та** седница одржана на **26.09.2024** година, донесе

**О Д Л У К А**

**за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во Надзорен одбор на Јавно Комунално Претпријатие „Скопска Црна Гора" с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево**

**Член 1**

Општина Чучер-Сандево распишува Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во Надзорен одбор на Јавното комунално претпријатие „Скопска Црна Гора”, с.Мирковци.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на Јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од Јавниот повик согласно законските прописи. Јавниот повик е даден во прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

За избор на членови во Надзорен одбор на Јавното Комунално Претпријатие „Скопска црна Гора” с.Мирковци, Советот на Општина Чучер-Сандево формира Комисија за селекција која ќе ја спроведе постапката за селекција.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1484/10**
**26.09.2024 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р.**

# 60.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ЗА ПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР И НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ЈАВНОТО КОМУНАЛНИО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СКОПСКА ЦРНА ГОРА“ С.МИРКОВЦИ, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за формирање на Комисија за селекција за спроведување на постапка за именување на членови на управен одбор и надзорен одбор во Јавно комунално претпријатие „Скопска Црна Гора“ с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **42-**та седница, одржана на **26.09.2024** година.

**Бр.09-1536/9** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), член 23 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ број 05/2019), Советот на Општина Чучер-Сандево на **42-та** седница одржана на ден **26.09.2024** година, донесе

## ОДЛУКА
## за формирање на Комисија за селекција за спроведување на постапка за именување на членови на управен одбор и надзорен одбор во Јавно комунално претпријатие „Скопска Црна Гора“ с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево

### Член 1

Се формира Комисија за селекција за спроведување на постапка за именување на членови на управен одбор и надзорен добор во Јавно комунално претпријатие „Скопска Црна Гора“ с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево, во следниот состав:

- Биљана Чекаловиќ - Претседател, вработен во Општина Чучер-Сандево
- Маја К.Урдаревска - Заменик претседател, вработен во Општина Чучер-Сандево
- Мартина Пирковиќ - Член, вработен во Општина Чучер-Сандево во областа на управувањето со човечки ресурси
- Марија Мошев - Заменик член, вработен во Општина Чучер-Сандево
- Влатко Смоковски - Член, вработен во Јавното комунално претпријатие „Скопска Црна Гора“ с.Мирковци, и
- Ацо Пршевски - Заменик член, вработен во Јавното комунално претпријатие „Скопска Црна Гора“ с.Мирковци.

### Член 2

Комисијата од член 1 на оваа одлука се формира за период до завршување на постапката за селекција на кандидати, односно со доставувањето на предлог на кандидати за членови на управниот одбор и надзорниот одбор до Советот на Општината.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Чучер-Сандево.

**Бр.08-1484/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 61.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА НА ООУ“АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” с.САНДЕВО**

Се објавува Заклучок давање на позитивно мислење на Годишната програма за организација и изведување на училишни екскурзии во учебната 2024/2025 година на ООУ „Александар Урдаревски”с.Сандево**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **42**-та седница, одржана на **26.09.2024** година.

**Бр.09-1536/10** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”бр.5/02) а во врска со член 7 став 2 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Чучер-Сандево на **42**-та седница одржана на **26.09.2024** година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА НА ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” с.САНДЕВО**

1.Советот на Општина Чучер-Сандево дава **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** на Годишната програма за организација и изведување на училишните екскурзии во учебната 2024/2025 година на ООУ "Александар Урдаревски" с.Сандево, бр.02-191/1 од 11.07.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1484/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# 62.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ " СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" 2024/2025 ГОДИНА**

Се објавува Заклучок за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од Општинското Основно Училиште " Св.Кирил и Методиј" 2024/2025 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на 42-та седница, одржана на 26.09.2024 година.

**Бр.09-1536/11** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на Член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02) а во врска со член 7 став 2 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Чучер-Сандево на **42**-та седница одржана на **26.09.2024** година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ " СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" 2024/2025 ГОДИНА**

1.Советот на Општина Чучер-Сандево дава **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** на Програма за изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности за учениците од Општинското основно училиште "Св.Кирил и Методиј" 2024/2025 година, Бр.03-274/1 од 10.09.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1484/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р**

# 63.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2024/2025 ГОДИНА**

Се објавува заклучок за усвојување на годишна програма за работа на ЈОУДГ "Мило Мое" Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево за 2024/2025 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на 42-та седница, одржана на 26.09.2024 година.

**Бр.09-1536/12** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02,) член 23 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **42-та** седница одржана на **26.09.2024** година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ “МИЛО МОЕ”ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2024/2025 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Чучер-Сандево ја усвои Годишната програма за работа на ЈОУДГ “МИЛО МОЕ” Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, за 2024/2025 година со Бр.02-113/3 од 03.09.2024 година донесена со Одлука за Годишната програма за работа на ЈОУДГ “МИЛО МОЕ” Чучер-Сандево, за 2024/2025 година од Управниот одбор на ЈОУДГ “МИЛО МОЕ” Чучер-Сандево, бр.02-113/4 од 03.09.2024 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1484-14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**26.09.2024 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

52. ЗАКЛУЧОК ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ........ стр. 2

53. ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР- САНДЕВО........ стр. 2

54. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА........ стр.4

55. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ШТЕТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА-ИЗОЛИРАНИ ОД ГРАД ШТО ЗАФАТИ ДЕЛОВИ ОД ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО-МАЈ 2024 ГОДИНА........ стр.5

56. ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 773/1 КО БРОДЕЦ М.В.ВОДИЦИ........ стр.6

57. ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ НА КП 879/1 КО БРОДЕЦ М.В.СЕЛО........ стр.7

58. ОДЛУКА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЛИЦА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ„СКОПСКА ЦРНА ГОРА” С.МИРКОВЦИ, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО........ стр.8

59. ОДЛУКА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЛИЦА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ„СКОПСКА ЦРНА ГОРА” С.МИРКОВЦИ, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО........ стр.10

60. ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР И НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СКОПСКА ЦРНА ГОРА” С.МИРКОВЦИ, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО........ стр.12

61. ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА НА ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ”С.САНДЕВО........ стр.13

62. ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” 2024/2025 ГОДИНА........ стр.14

63. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ “МИЛО МОЕ”ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2024/2025 ГОДИНА........ стр.15